Врз основа на член 14 ст.1, член 22 и 23 од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/8, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), член 12 од Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион бр.02-88/8 од 09.11.2011 година и член 4 од Правилник за систематизација на работни места во Центар за развој на Скопски плански регион бр.01-93/1 од 12.12.2011 година, и Одлука на Раководителот на Центар за развој на Скопски плански регион, распишува:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 04-3/2
08.01.2019 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**За вработување на :**

1. 1 (еден) извршител/и на неопределено работно време за работно место - Советник за нормативa, јавни набавки, финансиски и административни работи – ВСС Правен факултет,

Кандидатите кои ќе конкурираат за наведеното работно место, потребно е да ги исполнуваат следните Општи услови утврдени со Закон:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност и должност.
- да има 2 (две) години работно искуство
- да има познавање на Англиски јазик или друг светки јазик
- да има познавање на работа со компјутери

Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување.
За горенаведето работно место е со полно работно време од 40 часа неделно;работното време од понеделник до петок, основна нето плата изнесува 25.000,00 денари

2. Кандидатите се должни да достават соодветни докази во оригинална форма или копија заверена на нотар, во поглед на условите и тоа:

- Пријава со кратка биографија
- Диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место;
- Државјанство и
- Уверение дека не е изречена судска забрана за вршење на професијата, дејност или должност - не постари од 6 (шест) месеци.
- Потврда за работно искуство
- Доказ за активно познавање на англискиот јазик или др.светки јазик сертификат, диплома или уверение
- Доказ за познавање на работа со компјутери сертификат, диплома или уверение

Бараните документи се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора" на следнава адреса:
Центар за развој на Скопски плански регион
ул. Димитрие Чуповски бр.13, Скопје
Архива на Центарот
(со назнака "за оглас")
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.

Контакт телефон 02/ 3 244 - 033

**Центар за развој на Скопски плански регион**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН * СКОПЈЕ